С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е

З А П И С Н И К

Од ПЕДЕСЕТ И ВТОРАТА седница на Советот на Општина Гази Баба, започната на 29.04.2021 година (продолжение на 27.05.2021 година)

СКОПЈЕ, АПРИЛ / МАЈ 2021 ГОДИНА

З А П И С Н И К

Од Педесет и втората седница на
Советот на Општина Гази Баба,
започната на 29.04.2021 година
(продолжение на 27.05.2021 година)

Седницата започна во **13:55 часот**.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба - **Тони Бојковски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба и претставници од општинската администрација.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

****

По Нацрт - Записникот од **Педесет и првата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Педесет и првата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **25 гласа "ЗА"**.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Упати забелешка до претседателот на советот за свикување на седницата на Велики четврток и од тие причини предложи советот да работи до 15:30 часот.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Предложи **точка 6.** Предлог - Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште, за изградба на објекти на ГП 1.16.2, ГП 1.16.3, ГП 1.16.4 и ГП 1.16.5, дефинирани со Архитектонско - урбанистички проект за комплекс СКОПЈЕ ЕАСТ ГАТЕ СЕГ - Скопје во градежна парцела бр.1.16 со основна класа на намена Б2 - Големи трговски единици, од измена и дополна на детален урбанистички план за градска четврт ЦС 09, Општина Гази Баба - Скопје, заверена под број 28-3/887/13, да биде разгледувана како **точка 1** од предложениот дневен ред а советничките прашања да се поставуваат на следната седница. Истовремено побара усогласување на ставовите на советничките групи за термин за продолжување на седницата на советот.

Претседателот на Советот го стави на гласање предлогот на советникот Александар Трајковски - седницата на советот да трае до 15:30 часот.

Советот го усвои предлогот со **24 гласа "ЗА"**.

Во расправата пред утврдување на предложениот дневен ред учествуваа: Претседателот на Совет, Градоначалникот на Општина Гази Баба и членовите на советот: Александар Трајковски (коалиција "За подобра Македонија"), Елизабета Стојменова (коалиција "За подобра Македонија"), Андреа Најденовски (коалиција "За подобра Македонија"), м-р Живко Белчев (коалиција "За подобра Македонија"), и Милица Бубало (коалиција предводена од СДСМ).

Седницата е прекината во 15:30 часот.

****

Продолжение на Педесет и втората седница на Советот на Општина Гази Баба, одржано на 27.05.2021 година

Продолжението на седницата започна во **16:10 часот**.

ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

По претходна координација со Градоначалникот на Општина Гази Баба и координаторите на советничките групи го извести советот дека сите предложени точки од предложениот дневен ред:

1. Расправа по информација за постапка на подготовка на Предлог - Детални урбанистички планови за градска четврт С 17 Блок 02; градска четврт С 17 Блок 03 и градска четврт С 17 Блок 04 - индустриски комплекс "Железара";
2. Расправа по информација за текот на изработката на проектна документација за атмосферска канализација за улица "Сава Михајлов";
3. Расправа по информација за текот на изработката на проектна документација за фекална канализација за улица "Сава Михајлов";
4. Расправа по информација за текот на изградбата на атмосферска канализација за улица "Трајко Китанчев" и улица "Сава Михајлов" во населено место Јане Сандански;
5. Расправа по информација за текот на изградбата на други тротоари и пешачки површини, по приоритетна листа на членови на советот на Општина Гази Баба;
6. Предлог - Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежното земјиште, за изградба на објекти на ГП 1.16.2, ГП 1.16.3, ГП 1.16.4 и ГП 1.16.5, дефинирани со Архитектонско - урбанистички проект за комплекс СКОПЈЕ ЕАСТ ГАТЕ СЕГ - Скопје во градежна парцела бр.1.16 со основна класа на намена Б2 - Големи трговски единици, од измена и дополна на детален урбанистички план за градска четврт ЦС 09, Општина Гази Баба - Скопје, заверена под број 28-3/887/13; и
7. Советнички прашања.

СЕ ПОВЛЕКУВААТ.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Тони Бојковски ја заклучи Педесет и втората седница на Советот на Општина Гази Баба, во **16:20 часот**.

Број 09-2396/2
од 28.06.2021 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Тони Бојковски

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот